И З В Р Ш И Т Е Л
Емилија Павловска
именуван за подрачјето на
Основниот суд Штип и Свети Николе
ул.Ванчо Прке бр.121 лок.Кубус
тел. 032-613-009

Образец бр.66

И.бр. 736/2026

Извршителот Емилија Павловска од Штип, ул.Ванчо Прке бр.121 лок.Кубус врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Комерцијална Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030989254937, ЕМБС 4065573 и седиште на ул.Васил Иљоски бр.3, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.247/19 од 26.12.2019 година на Нотар Марија Барзова од Штип, против должникот НИКОЛА МОЗАИК ДООЕЛ од Штип со ЕДБ 4029016517839, ЕМБС 7112831 и седиште на ул.Воденска бр.23 и заложниот должник Николче Секулоски од Штип со живеалиште на ул.Воденска бр.23, за спроведување на извршување, на ден 15.07.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА

(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста на заложниот должник Николче Секулоски запишана во имотен лист број 101014 за КО Штип 3 со ознаки:

-КП.бр.3270/1, адреса Водњанска бр.23, број на зграда 186, намена на зграда А1-3, влез 1, кат ПР, број 1, намена СТ, површина 113 м2;

-КП.бр.3270/1, адреса Водњанска бр.23, број на зграда 187, намена на зграда А5-4, влез 1, кат ПР, број /, намена П, површина 47 м2;

-КП.бр.3270/1, адреса Водњанска бр.23, број на зграда 188, намена на зграда А5-4, влез 1, кат ПР, број /, намена П, површина 34 м2.

Продажбата ќе се одржи на ден 10.08.2026 година во 12.00 часот во просториите на извршителот Емилија Павловска на ул.Ванчо Прќе бр.121 Штип.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот од 29.06.2026 година, изнесува 5.128.969,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста освен со хипотеката во корист на доверителот која е предмет на реализација во извршувањето И.бр.736/2026 е оптоварена со следните товари и службености:

-Хипотека во корист на заложниот доверител Сашко Џонов засновано на нотарски акт ОДУ.бр.247/19 од 26.12.2019 годинана нотар Марија Барзова;

-Налог за извршување И.бр.2099/2025 од 28.11.2025 година на извртел Никола Николовски и

-Налог за извршување И.бр.2105/2025 од 28.11.2025 година на извртел Никола Николовски;

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.200002348771863 која се води кај Стопанска банка АД Скопје со цел на дознака гаранција за наддавање за И.бр.736/2026, најдоцна еден ден пред одржување на продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија како и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Емилија Павловска

X ________________________

Д.-на: доверител
должник
Град Штип - Сектор за финансии

Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци
архива на извршител

Правна поука: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основен суд Штип, во рок од три дена од денот на прием на заклучокот, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.